УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД „27. МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ НА ТУРСКАТА КУЛТУРА“ ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП

## 7 мај, 2025

Штип, 2025

**Зборник на трудови од**
**„27. Меѓународен симпозиум на турската култура“**
**Филолошки факултет - Штип**
**7 мај, 2025**

**Главен уредник**
доц. д-р Ивана ВЕЛКОВА

**Одговорен уредник**
проф. д-р Марија ЛЕОНТИЌ

**Лектор на македонски јазик**
насл. доц. д-р Марија СОКОЛОВА

**Лектор на турски јазик**
доц. д-р Јусуф Мете Елкиран

**Јазично уредување на англиски јазик**
проф. д-р Натка ЈАНКОВА АЛАЃОЗОВСКА

**Техничко уредување**
Славе Димитров

**Издавач**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип

**Објавено во е-библиотека**
https://e-lib.ugd.edu.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.7(=512.161)(062)
7/8(=512.161)(062)

МЕЃУНАРОДЕН симпозиум на турската култура (27 ; 2025 ; Штип)
Зборник на трудови од “27. Меѓународен симпозиум на турската култура” Филолошки факултет - Штип 7 мај, 2025 [Електронски извор] / [главен уредник Ивана Велкова]. - Штип : Универзитет “Гоце Делчев” - Штип, Филолошки факултет, 2025

Начин на пристапување (URL): https://ff.ugd.edu.mk/index.php/mk/. - Текст во PDF формат, содржи 495 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 04.12.2025. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-277-134-2

а) Турска култура -- Собири

COBISS.MK-ID 67617797

**СОДРЖИНА / CONTENT**

**ЛИТЕРАТУРА И ЈАЗИК / LITERATURE AND LANGUAGE**


15. **Билјана Ивановска**
МЕЃУ ЈАЗИЦИТЕ И КУЛТУРИТЕ: ТУРСКИТЕ ЗБОРОВИ ВО ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК ВРЗ ПРИМЕРИ ОД ДНЕВНИОТ ВЕСНИК DER TAFESSPIEGEL (2000-2024)
**Biljana Ivanovska**
Between languages and cultures: Turkish words in the German language based on examples from the dayily newspaper Der agesspiegel (2000-2024)

27. **Весна Мојсова-Чепишевска**
ТУРСКИОТ РАСКАЖУВАЧ ВДОМЕН ВО АНТОЛОГИЈАТА НА БАЛКАНСКИОТ РАСКАЗ
**Vesna Mojsova Chepishevska**
The Turkish storyteller in the antology of the Balkan short story

35. **Елка Јачева-Улчар**
ЗА ЕДНО ТУРСКО ВЛИЈАНИЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ГЛАГОЛСКО-ВРЕМЕНСКИ СИСТЕМ
**Elka Jačeva-Ulčar**
On a Turkish influence in the Macedonian verbal-temporal system

43. **Јованка Денкова**
ПАРАДОКСОТ НА ЉУБОВТА ВО АДОЛЕСЦЕНЦИЈАТА НИЗ ПРИЗМАТА НА РОМАНОТ „ЈА САКАМ“ ОД ФАТИХ ЕРДОГАН
**Jovanka Denkova**
The paradox of love in adolescence through the prism of the novel “I love” by Fatih Erdogan

51. **Лидија Тантуровска, Катерина Петровска-Кузманова, Родна Величковска**
ТУРСКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ ВО МАКЕДОНСКИИТЕ СТАРОГРАДСКИ ПЕСНИ
**Lidija Tanturovska, Katerina Petrovska-Kuzmanova, Rodna Veličkovska**
Turkish elements in Macedonian old town songs

69. **Лидија Камчева-Панова, Ајџан Асанова, Емилија Петрова**
ПРАКТИЦИРАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП
**Lidija Kamceva-Panova, Ajdzan Asanova, Emilija Petrova**
Practice of interethnic integration of student in primary school “Goce Delchev”-Shtip

79. **Луси Караниколова-Чочоровска**
„АПСТРАКТНАТА“ СИМБОЛИКА ВО ПОЕЗИЈАТА НА ЈАХЈА КЕМАЛ БЕЈАТЛИ
**Lusi Karanikolova-Chochorovska**
Symbolism in the poetry of Yahya Kemal Byatli

91. **Марија Соколва**
ТЕШКОТИИ ПРИ УСВОЈУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ЗА НИВОТО А1 КАЈ ТУРСКИТЕ СТУДЕНТИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП
**Marija Sokolova**
Dificulties in acquiring the Macedonian language for A1 level among Turkish students at UGD

101. **Христо Петрески**
БЕЛЕЗИТЕ, СПЕЦИФИКИТЕ И КАРАКТЕРИСТИКИТЕ ВО ЕСЕИСТИЧКОТО ТВОРЕШТВО НА ЕРОЛ ТУФАН
**Hristo Petreski**
The markings, specifics and charactesistics in the essayist work od Erol Tufan

107. **Билјана Алексова**
ОБРАЗОВАНИЕТО НА ЖЕНСКАТА ПОПУЛАЦИЈА НА ЈУРУЦИТЕ ОД ОПШТИНА КАРБИНЦИ
**Biljana Aleksova**
Education of the female population of the Yuruks (Yörüks) from the municipality of Karbinci

119. **Валентина Пандова**
ТУРЦИЗМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
**Valentina Pandova**
Turkisms in Macedonian language

127. **Милутин Ђуричковић**
ТУРСКА ПОЕЗИЈА ЗА ДЕЦУ И ЊЕНА РЕЦЕПЦИЈА НА СРПСКОМ ЈЕЗИКУ
**Milutin Đuričkovič**
Turkish poetry for children and its reception in Serbian

137. **Душица Ђукић Бодловић**
ТУРСКА ПРИЧА НА СРПСКОМ ЈЕЗИКУ
**Dušica Đukič Bodlovič**
Turkish story in Serbian

143. **Mariya Leontik**
YAHYA KEMAL BEYATLI’NIN ŞİİRLERİNİN MAKEDONCA ÇEVİRİLERİ
**Mariya Leontik**
Yayha Kemal Beyatlı’s poetry in the Macedonian language

161. **Mahmut Çelik**
PALİMPSEST DERGİSİNDE YAYIMLANAN TÜRKÇE MAKALELER ÜZERİNE BİR İNCELEME
**Mahmut Celik**
A study on Turkish articles published in Palimpsest Journal

191. **Selçuk Kurşad Koca**
MAKEDONYA TÜRKLERİ TARAFINDAN ANLATILAN KESİKBAŞ EFSANELERİ ÜZERİNE TEMATİK BİR İNCELEME
**Selcuk Kursad Koca**
A tematic analysis of the cut head (kesikbaş) legends told by the Turks of North Macedonia

205. **Aybüke Betül D**oğan
ESKİ UYGURCADA YID SÖZCÜĞÜ VE TÜREVLERİ ÜZERİNE
**Aybuke Betul Dogan**
On the word *YID* and its derivatives in old Uyghur

215. **İvana Velkova**
STALE POPOV'UN "TOLE PAŞA" ADLI ROMANINDAKİ HÜMANİST BAKIŞ AÇISI
**İvana Velkova**
The humanistic aspects in the novel "Tole Pasha" by Stale Popov

221. **Refide Şahin**
NECATİ ZEKERİYA'NIN HARFLER NE YER? ŞİİR KİTABINDA ANLAMBİLİMSEL DERİNLİK VE ÇOCUK EDEBİYATI
**Refide Shahin**
Semantic depth and children's literature in Necati Zekeriya's poetry book "Where Do Leetters Belong?"

233. **Funda Bugan Özkızıltaş**
NEF'Î'NİN "SÖZÜM" REDİFLİ KASİDESİNDE SEBK-İ HİNDÎ ETKİLERİ
**Funda Bugan Ozkızltas**
Sebk-i Hindi influences in the Nef'i's qasida with the refrain "Sözüm"

249. **Ayça İşbilen**
MAKEDONYA TÜRK HALK EDEBİYATINDA HIDIRELLEZ KÜLTÜRÜ: BEY BÜBREG MASALININ MİTOPOETİK ANALİZİ
**Aycha İshbilen**
Hıdırellez culture in Macedonşan Turkkish folk literature: A mythopoetic analysis of the Bey Bübreg tale

257. **Rabie Rüşid**
İŞTİP YÖRÜK MASALLARINDA TESPİT EDİLEN OLUMLU DEĞERLER
**Rabie Rushid**
Positive values determined in Stip yoruks tales

269. **Ümit Süleymani**
KUZEY MAKEDONYA'DA EĞİTİM DİLİ ÇEŞİTLİĞİNİN ÖĞRENCİ BAŞARISINA ETKİSİ
**Umit Sulejmani**
The impact of language diversity in education on student achievement in North Macedonia

**ФОЛКЛОР И КУЛТУРА / FOLKLORE AND CULTURE**

283. **Горанчо Ангелов**
ЗУРЛАЏИСКАТА МУЗИКА, НЕВИДЛИВИОТ МОСТ ПОМЕЃУ РАЗЛИЧНИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ ВО РС МАКЕДОНИЈА
**Gorancho Angelov**
Zurla music, the invisible bridge between ethnic communities in R. North Macedonia

303. **Зоранчо Малинов**
ЃУРЃОВДЕН / ХИДРЕЛЕЗ (HIDIRELLEZ) КАКО НАЈВАЖЕН ПРАЗНИК ВО ПРОЛЕТНИОТ ОБРЕДЕН КОМПЛЕКС КАЈ БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ
**Zorancho Malinov**
St. George's day (Gjurgjovden) / Hdirellez (Hidrelez) as the most important holiday in the spring ritual complex among the Balkan people

317. **Илчо Јованов**
ВЛИЈАНИЕТО НА ТУРСКАТА МУЗИКА ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ЧАЛГИСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА
**Ilcho Jovanov**
The influence of Turkish music on the development of the čalgija tradition in Macedonia

327. **Марија Емилија Кукубајска**
УБИСТВО НА МАКЕДОНСКАТА ПРИНЦЕЗА АРСЕНИЈА ВО ЕФЕС, АНАДОЛИЈА
**Marija Emilija Kukubajska**
The murder of the Macedonian princess Arsenia in Ephesus, Anatolia

337. **Марина Спасовска, Марина Даниловска**
ТЕТОВСКИТЕ НАРОДНИ ПЕСНИ – НЕПРЕСУШЕН ИЗВОР НА ТУРСКИ ЛЕКСЕМИ
**Marina Spasovska, Marina Danilovska**
Tetovo folk songs-inexhaustable source of Turkish lexemes

351. **Славчо Ковилоски**
ТУРСКОТО ВЛИЈАНИЕ ВО ПРИЛЕПСКАТА ЧАРШИЈА ВО ВРЕМЕТО НА МАРКО ЦЕПЕНКОВ
**Slavcho Koviloski**
Turkish influence in the Prilep bazaar in the time of Marko Cepenkov

363. **Стојанче Костов**
ТУРСКОТО ВЛИЈАНИЕ ВО ОРСКАТА ТРАДИЦИЈА
ВО МАКЕДОНИЈА (анализа на избрани примери на народни ора)
**Stojanche Kostov**
Turkish influence in the dance tradition in Macedonia
(analysis of selected exmples of folk dances)

375. **Марија Ристова**
МЕЃУСЕБНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ТУРСКАТА КУЛТУРА И НА
КУЛТУРАТА НА ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Marija Ristova**
Mutual influences of the Turkish culture and the culture of other
communities in North Macedonia

383. **Aktan Ago**
KUZEY MAKEDONYA’DA YAŞAYAN HALKALRIN ARASINDA
HIDIRELLEZ BAYRAMIN ORTAK VE FARKLI ÖZELLİKLERİ
**Aktan Ago**
Common and different characteristics of Hıdırellez festival
among the peoples living in North Macedonia

395. **Fatma Sibel Bayraktar**
HIDIRELLEZDE VE TA’ BĪRÜ’L-MENĀMĀT’TA
DÖRT ELEMENTİN GÖRÜNÜMÜ
**Fatma Sibel Bayraktar**
The appearance of the four element in Hıdırellez and Ta’biru’l-Menamat

409. **Gürkan Moralı**
ÇOK KÜLTÜRLÜ SINIF ORTAMINDA TÜRK KÜLTÜRÜNÜN
AKTARIMINA YÖNELİK ÖĞRETMEN GÖRÜŞLERİ: KUZEY
MAKEDONYA MAARİF OKULLARI ÖRNEĞİ
**Gurkan Morali**
Teacher’s views on the transmission of Turkish culture in a
multicultural classroom environment: The case of North Macedonia Maarif
Schools

423. **Mehmet Erol**
TÜRK DÜNYASINDA KUTLANAN BAHAR BAYRAMLARINA GENEL
BİR BAKIŞ
**Mehmet Erol**
A general overview of spring feasts celebrated in the Turkish world

431. **Osman Emin**
TÜRKİSTAN’DA BALKANLARA ORTAK KÜLTÜR: HIDIRILLEZ VE
NEVRUZ
**Osman Emin**
Common culture from Turkestan to the Balkans: Hıdırıllez and Nevruz

441. **Sevim Koca**
KZUEY MAKEDONYA TÜRK KÜLTÜRÜNDE HIDIRELLEZ KAPSAMINDA SUYA DAYAŞI UYGULAMALAR ÜZERİNE BİR İNCELEME
**Sevim Koca**
A study on water-based practices within the scope of Hıdırellez in North Macedonian Turkish culture

453. **Şerife Seher Erol Çalishkan**
RİVAYETLER IŞIĞINDA BİR NEVRUZ TATLISI: SÜMELEK
**Sherife Seher Erol Chalişkan**
A Nevruz dessrt in the light of narrations: Sumelek

461. **Alirami İbraimi**
VRAPÇİŞTE VE ÇEVRESİNDE HIDIRELLEZ (BAHAR) BAYRAMI KUTLAMALARI
**Alirami İbraimi**
Hıdırellez (Spring) festival celebrations in Vrapchishte and its surroundings

473. **Burcu Aliyi**
VALANDOVA TÜRK KÖYLERİNDE HIDIRELLEZ GELENEĞİNDEKİ CAZI KARI İNANCI
**Burdzu Aliji**
The Cazi Kari belief in the Hıdırellez tradition in Valandova Turkish villages

487. **Ekrem Destanov**
MAKEDONYA YÖRÜK HALK KÜLTÜRÜNDE MÂNİ SÖYLEME GELENĞİ
**Ekrem Destanov**
The tradition of singing Mani in the Macedonian Yoruk folk culture

УДК 78(560):781.7:[785.16:784.4+78.085.7(497.7)(049.3)
УДК 78(560):785.16:[784.4+78.085.7](497.7):316.733(049.3)

# ВЛИЈАНИЕТО НА ТУРСКАТА МУЗИКА ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ЧАЛГИСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

**ИЛЧО ЈОВАНОВ**
Универзитет „Гоце Делчев“, РС Македонија
Ilco.jovanov@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Трудот ја анализира чалгиската музика како еден елемент од македонската културна традиција, истражувајќи ги нејзините историски, музички и социокултурни димензии. Истражувањето користи квалитативна методологија, која вклучува анализа на историски извори, музички композиции и етнографски податоци. Резултатите укажуваат на силното османлиско влијание врз чалгиската музика, видливо преку инструментите како канун, ут и деф, како и преку специфичните ритмички структури 9/8 и 7/8. Овие елементи, комбинирани со локалните музички традиции, создаваат уникатен музички израз што ја одразува мултикултурната природа на регионот.

Чалгиската музика исто така има значајна социјална функција, обезбедувајќи музичка поддршка на свадби, верски настани и други општествени собири. Во современ контекст, чалгиската музика се развива преку интеграција со модерни жанрови како џез, поп и електронска музика. Фестивалите и културните настани, како и документарните филмови, ја поддржуваат нејзината ревитализација и ја нагласуваат нејзината историска и културна вредност. Заклучокот потврдува дека чалгиската музика останува динамичен и витален дел од македонскиот културен идентитет, со способност за постојано адаптирање и развивање.

**Клучни зборови:** *Чалгиска музика, османлиско влијание, инструментална структура, македонска култура, ритмички структури, современа адаптација, културна ревитализација.*

## Вовед

Чалгиската музика претставува автентична и препознатлива музичка форма во Македонија, која ја стекнала својата популарност во урбаните средини кон крајот на 19 век и почетокот на 20 век. Оваа музика е резултат на долгиот културен развој на Балканот, обликуван од историските и социокултурните влијанија на Османлиското Царство. Чалгијата, како

музички жанр, носи во себе елементи на традиционалната македонска музика и влијанија од турската традиционална музика, што ја прави уникатна културна појава. Развојот на чалгиската музика е длабоко поврзан со меѓукултурната размена помеѓу македонскиот и турскиот народ за време на долгото османлиско владеење (Klein 2015).

Терминот „чалгија“ потекнува од турскиот збор „çalgı“, што значи „музички инструмент“, додека „чалгаџија“ (çalgıcı) се однесува на свирач, а „чалгаџилук“ (çalgıcılık) означува свиречки занает (Грашеска 2022). Оваа музичка форма во Македонија се развила како уникатна фузија на локалните музички традиции и влијанијата од османлиската музика, што ја прави еден од најпознатите примери за меѓукултурна размена на Балканот. Влијанието на турската музика се манифестира преку употребата на специфични музички инструменти, како што се канун, ут, деф и кларинет, кои го обликуваат звукот на чалгиските ансамбли (Ooomes, n.d.). Дополнително, турското влијание е присутно во музичките форми, мелодиите и ритмите, кои често содржат елементи од османлиската класична музика (Marković 2018).

Во доцниот 19 и раниот 20 век, чалгиската музика го достигнала својот врв, особено во урбаните центри како Скопје, Битола и Охрид, каде функционирале организирани музички ансамбли познати како „чалгиски тајфи“. Овие ансамбли обезбедувале музичка придружба на свадби, верски празници и други социјални настани, со што одиграле значајна улога во оформувањето на урбаната културна сцена (Грашеска 2022). Нивната способност да ги комбинираат локалните фолклорни мотиви со елементите на турската музика создава уникатен музички израз кој ја одразува културната размена на регионот.

Со распадот на Османлиското Царство и политичките промени на Балканот, чалгиската музика успеала да опстои како дел од македонското музичко наследство. Таа продолжила да се адаптира на новите културни и социјални услови, интегрирајќи нови музички влијанија, но задржувајќи ја својата оригиналност (Klein 2015). Денес, чалгиската музика не само што претставува културен артефакт, туку и симбол на богатото мултикултурно наследство на Македонија.

Целта на овој труд е да го истражи влијанието на турската музика врз развојот на чалгиската традиција во Македонија, при што ќе се разгледаат нејзините историски корени, музички карактеристики и современото значење. Анализата ќе придонесе за подобро разбирање на оваа значајна културна појава и нејзиниот придонес во музичката историја на регионот.

## ГЛАВЕН ДЕЛ

***Методологија***

Методологијата на овој труд се заснова на квалитативен пристап, кој овозможува длабинско истражување на музичките, културните и социјалните аспекти на чалгиската музика во Македонија. Истражувањето е дизајнирано со цел да ги идентификува турските влијанија врз чалгиската музика преку анализа на историски, музички и социокултурни извори, при што се користат повеќе методи за да се обезбеди детална и релевантна анализа.

***Истражувачки пристап***

Трудот користи квалитативна анализа која вклучува собирање и анализа на податоци од различни извори, како што се:

- Историски документи и архивски записи поврзани со развојот на чалгиската музика.
- Научни статии, книги и публикации за музичката и културната историја на Македонија и Османлиското Царство.
- Етнографски студии и истражувања кои ги разгледуваат музичките традиции на Балканот.

***Методи за собирање податоци***

- **Анализа на литература:** Истражувањето вклучува систематска анализа на академски публикации и историски записи за чалгијата. Главниот фокус е на публикации кои ја разгледуваат улогата на турската музика во формирањето на чалгиската традиција.
- **Анализа на музички композиции:** Подетално се анализираат мелодиските и ритмичките обрасци во чалгиските композиции за да се идентификуваат елементите на турското влијание.

***Анализа на податоците***

Собраните податоци се анализираат преку тематска анализа, при што се идентификуваат и категоризираат клучните теми како што се:

- Инструментална структура
- Музички стилови и мелодии
- Ритамот во чалгиската музика
- Уметничка и социјална улога и
- Современа перспектива

### *Ограничувања*

Истражувањето се потпира на достапните извори и податоци, што може да доведе до ограничена репрезентативност. Дополнително, недостигот на записи од османлискиот период за чалгиската музика во Македонија ја ограничува можноста за директно поврзување на одредени музички практики.

### *Анализа на резултатите со дискусија*

### *Инструментална структура*

Турските влијанија врз инструменталната структура на чалгиската музика се многу очигледни (Ooomes, n.d.). Канун, ут, деф и кларинет се инструменти кои доминираат во чалгиските ансамбли и носат препознатлив османлиски звук (Marković 2018). Овие инструменти не само што се користат, туку и начинот на свирење е директно инспириран од турската музичка традиција (Klein 2015). На пример, утот и канунот често се употребуваат за изведување сложени мелодии, додека дефот и тарабуката обезбедуваат ритмичка основа (Грашеска 2022; Јованов 2012). Локалните музичари успешно ги адаптирале овие инструменти и ги комбинирале со класични инструменти, како што се виолината и кларинетот, што резултирало со создавање на уникатен музички израз кој ја дефинира чалгиската музика во Македонија (Јованов 2012; Јованов 2011).

### *Музички стилови и мелодии*

Музичките стилови и мелодии во чалгиската музика се резултат на сложен процес на културна интеракција меѓу ориенталните, балканските и локалните македонски музички традиции. Мелодиите се базирани врз модални системи, најчесто макамите, кои потекнуваат од турската и арапската музика. Макамот е вид музичка скала со точно дефинирани интервали, што дава меланхоличен и често импровизаторски карактер на изведбата (Hadjimarkos 2017). Преку адаптацијата на овие модални структури во локален контекст, македонските чалгиии создале стил кој е истовремено препознатливо ориентален и длабоко вкоренет во народната чувствителност.

Репертоарот на чалгиските ансамбли опфаќа широк спектар на урбани народни песни, кои денес се сметаат за музички бисери на македонската традиција. Меѓу најпознатите се: „По друм одам мајче“, „Три години стана“, „Сношти минав крај рајската градина“, „Бог да

бие Наумчето“, „Ајде вино пијам“, „Ја излези стара мајко“, „Марие млада невесто“, „Дејгиди луди млади години“ и други. Овие песни се карактеризираат со мелодиски линии и емотивна длабочина, кои често се изведуваат со канун, ут и деф – инструменти кои го пренесуваат духот на ориенталната традиција.

Покрај песните, чалгијата вклучува и ора како „Чупурлика“ и „Старо чуново оро“, чии ритмички структури и орнаментика го отсликуваат богатството на македонската инструментална музика.

***Ритамот во чалгиската музика***

Ритамот во чалгиската музика е уште еден значаен аспект на турското влијание (Klein 2015). Комплексните ритми, како што се 4/4, 9/8 и 7/8, се типични за османлиската музика и често се присутни во чалгиските композиции (Marković 2018). Овие ритми ја обезбедуваат динамичноста на музиката и создаваат чувство на движење кое ја одразува сложеноста на културните влијанија (Ooomes, n.d.). Локалните музичари ги приспособиле овие ритми на македонскиот музички контекст, комбинирајќи ги со ритмичките шеми на традиционалната народна музика (Грашеска 2022).

Покрај тоа, овие ритми ја нагласуваат експресивноста и емотивноста на чалгиската музика, што е особено важно во контекстот на изведбите за време на свадби и други социјални настани. Ритмичките обрасци често биле проширени со импровизации од страна на инструменталистите, што придонесува за креативноста и разновидноста на чалгиските композиции (Marković 2018). Во овој контекст, тапанот и дефот играат централна улога, обезбедувајќи ритмичка стабилност, додека другите инструменти, како кларинетот, утот и канунот, додаваат слоевитост и длабочина (Klein 2015).

Дополнително, ритмичките шеми често се адаптирале според намената на изведбата, било да станува збор за свечен или неформален настан. Оваа флексибилност ја прави чалгиската музика погодна за различни прилики, од религиозни церемонии до веселби и народни собири (Ooomes, n.d.).

***Уметничка и социјална улога***

Чалгиската музика играла значајна уметничка и социјална улога во македонската култура (Klein 2015). Во минатото, оваа музика била составен дел од свадби, верски прослави и јавни настани, каде што служела како средство за забавување и поврзување на заедниците (Marković 2018). Преку нејзините изведби, чалгиските ансамбли не само

што обезбедувале забава, туку и играле важна улога во формирањето на колективната меморија и културниот идентитет на локалното население (Racy 2003).

Покрај тоа, чалгиската музика имала улога на мост помеѓу различните култури, интегрирајќи локални и османлиски елементи (Ooomes, n.d.). Овој процес на културна синтеза придонел за создавање на уникатен музички израз кој го одразува мултикултурното наследство на Македонија (Bohlman 2020). Чалгиските ансамбли често изведувале композиции кои комбинирале елементи од различни традиции, што ја направило оваа музика препознатлива и надвор од локалните рамки (Stokes 1997).

Ова ја направило чалгиската музика не само естетски значајна, туку и важен дел од културниот идентитет на регионот (Грашеска 2022). Денес, чалгиската музика продолжува да биде симбол на културната разноликост и истрајност, а нејзините композиции често се изведуваат на фестивали и концерти со цел зачувување на традицијата и музичкото наследство (Rice 2014).

***Современа перспектива***

Во современиот контекст, чалгиската музика продолжува да биде релевантна, иако нејзината улога значително се променила (Marković 2018). Современите ансамбли често комбинираат традиционални елементи со модерни жанрови, како што се џез, поп и електронска музика (Klein 2015). Ова комбинирање не само што ја прави чалгиската музика привлечна за поширока публика, туку исто така ја позиционира како динамичен жанр кој се прилагодува на промените во музичките вкусови и технолошките иновации (Ooomes, n.d.).

Примери за ова може да се видат кај ансамбли кои експериментираат со фузија на традиционални чалгиски мелодии и современи ритми, создавајќи уникатни звуци што резонираат со младата публика (Bohlman 2020). Музичарите и модерните групи често користат електронски инструменти, синтисајзери и софтвер за продукција на музика, што ја збогатува музичката текстура и овозможува експериментирање со нови стилови (Rice 2014). Ваквата адаптација не само што ја обновува чалгиската музика, туку и ја поставува како витален дел од современата музичка сцена.

Дополнително, чалгиската музика често се изведува на фестивали, културни настани и во едукативни програми, каде што се нагласува нејзиното културно значење и историска важност (Stokes 1997).

Организирањето на настани како првиот фестивал на чалгиска музика „Ваташа“ во 2023 година сведочи за напорите за ревитализација и промоција на оваа музичка традиција (Прв фестивал, 2023). Овие фестивали служат како платформа за запознавање на новите генерации со чалгиската музика, истовремено почитувајќи ги нејзините историски корени (Грашеска 2022).

Покрај фестивалите, документарни филмови, како „Ќеиф: македонска чалгиска традиција“, ја истакнуваат важноста на чалгиската музика и нејзиното место во македонската културна историја (Ќеиф 2020). Ваквите проекти не само што ја зачувуваат историјата на чалгиската музика, туку и ја истакнуваат нејзината способност да се развива и да остане значајна во современите културни рамки (Marković 2018).

## ЗАКЛУЧОК

Чалгиската музика е симбол на културната комплексност и разновидност на Македонија, обединувајќи влијанија од османлиската музичка традиција и локалните фолклорни елементи во уникатен и препознатлив музички стил. Инструментите како канун, ут и деф, заедно со специфичните ритмички обрасци 9/8 и 7/8, сведочат за долготрајната културна размена и интеграцијата на различни музички традиции. Овие елементи не само што ја збогатуваат музичката текстура, туку и служат како основа за создавање на нови музички изрази.

Чалгиската музика отсекогаш имала важна социјална функција, обединувајќи заедници преку изведби на свадби, верски прослави и јавни настани. Таа беше и останува музички мост помеѓу различните етнички групи, одразувајќи го богатото мултикултурно наследство на регионот. Во современите услови, оваа традиција успешно се прилагодува на новите музички трендови преку интеграција со жанрови како џез, поп и електронска музика, што ја прави привлечна за младата публика и релевантна на глобално ниво.

Културните иницијативи, како фестивалите и документарните проекти, ја поддржуваат ревитализацијата на чалгиската музика, истакнувајќи ја нејзината историска важност и улогата во градењето на културниот идентитет. Чалгиската музика останува жив и динамичен дел од македонското културно наследство, инспирирајќи нови генерации и обезбедувајќи мост помеѓу минатото и иднината.

## Литература

Bohlman, P. V. (2020). *World music: A very short introduction*. Oxford University Press.

Грашеска, С. (2022). Развојот на чалгиската музика во Македонија: Културни и музички аспекти. *Македонски етномузиколошки преглед*, 12(1), 101–118.

Јованов, И. (2011). Улогата и значењето на оркестарот на народни инструменти на Македонската радиотелевизија во одржувањето на сопствената музичка традиција. *Годишен зборник: Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за музичка уметност*, 2(2), 5–11.

Јованов, И. (2012). Основни карактеристики на музичкиот фолклор во Република Македонија. *Годишен зборник: Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за музичка уметност*, 3(3), 131–134.

Klein, J. (2015). *Cultural syncretism in Balkan music*. Cambridge University Press.

Marković, S. (2018). Model structures and their integration into Balkan folk music. *Journal of Music Theory*, 32(3), 211–230.

Ooomes, C. (n.d.). Ottoman influences on Balkan music. *Sultans Trail*. Retrieved March 24, 2025, from https://sultanstrail.org/in-depth/ottoman-influences-on-balkan-music

Прв фестивал на чалгиска музика „Ваташа“ (2023).

Racy, A. J. (2003). *Making music in the Arab world: The culture and artistry of ṭarab*. Cambridge University Press.

Rice, T. (2014). *Ethnomusicology: A very short introduction*. Oxford University Press.

Stokes, M. (1997). *Ethnicity, identity, and music: The musical construction of place* (2nd ed.). Berg. London & New York

Ќеиф: Македонска чалгиска традиција (2020). Документарен филм во продукција на „Авард филм и видео“.

## THE INFLUENCE OF TURKISH MUSIC ON THE DEVELOPMENT OF THE ČALGIJA TRADITION IN MACEDONIA

**Ilcho Jovanov**
Goce Delčev University, Republic of North Macedonia
ilco.jovanov@ugd.edu.mk

**Abstract**: This paper analyzes čalgija music as an integral element of Macedonian cultural tradition, exploring its historical, musical, and socio-cultural dimensions. The research employs a qualitative methodology, including analysis of historical sources, musical compositions, and ethnographic data. The findings highlight the strong Ottoman influence on čalgija music, evident in the use of instruments such as the qanun, oud, and daf, as well as in the specific rhythmic structures of 9/8 and 7/8. These elements, combined with local musical traditions, create a unique musical expression that reflects the multicultural nature of the region.

Čalgija music also holds significant social functions, providing musical accompaniment at weddings, religious ceremonies, and other social gatherings. In the contemporary context, čalgija continues to evolve through integration with modern genres such as jazz, pop, and electronic music. Festivals and cultural events, as well as documentary films, support its revitalization and emphasize its historical and cultural value. The conclusion affirms that čalgija music remains a dynamic and vital part of Macedonian cultural identity, with the capacity for continuous adaptation and development.

**Keywords:** *Čalgija music, Ottoman influence, instrumental structure, Macedonian culture, rhythmic patterns, contemporary adaptation, cultural revitalization.*